Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 24.11.2023 година, согласно член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и Службени весник на РСМ бр. 96/19) и член 63 од Деловникот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по поднесокот за повлекување на иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење поднесена од Миле Наумовски, адвокат од Скопје, го усвои следниот:

## З А К Л У Ч О К

**Иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење поднесена од адвокат Миле Наумовски од Скопје, заведена под Су-03 бр. 505/23 од 23.06.2023 година е повлечена од подносителот и иницијативата се констатира за ПОВЛЕЧЕНА.**

## О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Северна Македонија поднесена е Иницијатива за утврдување начелен став и начелно правно мислење, заведена под Су-03.бр.505/23 од 23.06.2023 година, од Миле Наумовски, адвокат од Скопје.

Со поднесок заведен под Су-03.бр.505/23 од 27.10.2023 година, подносителот на горенаведената иницијатива Миле Наумовски, адвокат од Скопје, Иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење за обезбедување на единство во примената од страна на судовите во Република Северна Македонија ја повлекува во целост.

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/06.....бр. 96/19) Општата седница Врховниот суд на Република Македонија на ден 24.11.2023 година, констатираше дека од страна на Миле Наумовски, адвокат од Скопје како поднесител на Иницијативата, на ден 27.10 2023 година има доставено поднесок за повлекување на Иницијативата заведена под Су-03.бр.505/23 од 23.06.2023 година .

Општата седница постапувајќи по поднесокот констатираше дека Иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење е повлечена од подносителот, по што истата се смета за повлечена.

Имајќи го предвид изложеното, Оштата седница на Врховниот суд на Република Македонија, одлучи како во изреката на овој Заклучок.

**Општа седница на Врховниот суд**
**на Република Северна Македонија**

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница одржана на ден 24.11.2023 година, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 63 став 1 од Деловникот на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата поднесена од адвокат Даме Ѓорѓески од Скопје, заведена под СУ-03.бр.577/23 од 25.07.2023 година, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

Иницијативата за утврдување на начелно правно мислење поднесена од адвокат Даме Ѓорѓески од Скопје, заведена под СУ-03.бр.577/23 од 25.07.2023 година НЕ СЕ УСВОЈУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите,(„Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 17.11.2023 година расправаше по иницијативата поднесена од адвокат Даме Ѓорѓески од Скопје, заведена под СУ-03.бр.577/23 од 25.07.2023 година.

Во иницијативата подносителот укажува дека пред Основен граѓански суд Скопје, по претходно дадено писмено полномошно согласно одредбите од ЗПП, како полномошник на тужителот Славко Ѓорѓески од Гостивар, поднел тужба против Државната комисија за спречување на корупција, за поништување на акти, во прилог на која биле доставени докази, како и оригинал уплатница ПП50 за платена судска такса на 19.04.2023 година во износ од 1200,00 денари. На тужбата е ставен приемен печат и штембил за платена судска такса во износ од 1200,00 денари. Основниот граѓански суд Скопје донел решение VI РО-1825/22 од 06.05.2022 година со кое тужбата ја смета за повлечена. Причина за донесеното решение, според подносителот на иницијативата, е што судската такса за тужба , во име и за сметка на тужителот е платена од подносителот на иницијативата како овластен полномошник, па судот вака платената такса сметал дека не е платена, поради што согласно член 146 став 3 од ЗПП, решил тужбата да ја смета за повлечена. Апелациониот суд Скопје, постапувајќи по поднесена жалба, со решение РОЖ-1196/22 од 08.03.2023 година, жалбата ја одбил како неоснована, а решението на првостепениот суд го потврдил. Второстепениот суд ги прифатил аргументите дадени во обжаленото решение на првостепениот суд, дополнувајќи ги со наводот дека тужителот во секое време тужителот може повторно да ја поднесе истата тужба.

Подносителот на иницијативата смета дека со наведените решенија на тужителот му е скратено правото на судска заштита во конкретната правна работа, дека за двата суда неспорен е фактот дека судската такса е платена, но спорен е фактот што уплатата е извршена од полномошникот-адвокат на тужителот и дека тоа не е основ во смисла на член 146 став 3 од ЗПП за да се смета дека не е платена судската такса што има за последица тужбата да се смета за повлечена. Иницијаторот истакнува дека со ниедна одредба не е пропишана забрана странката

во конкретниот спор-тужителот преку својот полномошник-адвокат да ја плати судската такса за тужба, ниту пак одредба со која е предвидена последица -платената судска такса да се смета за неплатена доколку е платена преку полномошник-адвокат. Воедно подносителот истакнува дека неговиот клиент-тужителот е и финансиски оштетен бидејќи сумата за судската такса за тужба во износ од 1200,00 денари ја има платено на полномошникот - адвокат.

Подносителот на иницијативата наведува дека неоснованоста и тенденциозноста на донесените решенија произлегува и од судската пракса каде во друг случај на поднесување на тужба на 05.04.2022 година, каде исто така тужителот ја има платено судската такса на 04.04.2022 година преку полномошникот-адвокат година, а од страна на судот совесно и одговорно е прифатена таа уплата како уредна и судот постапува по поднесената тужба за која тече парница.
Од наведеното, подносителот на иницијативата заклучува дека се поставува прашањето за воедначена судска пракса во исти ситуации, за да се елиминира пристрасното и тенденциозно постапување на одредени судии на штета на странките-тужителите кои со ваквото постапување два пати се оштетуваат и тоа: финансиски-при платена судска такса нивната тужба да се смета за повлечена само заради тоа што ја платиле преку својот полномошник-адвокат и второ поради проток на рокот не можат повторно да ја поднесат истата тужба, така што се попречени во остварувањето на своите права за пристап до правда и реален пристап до независен и непристрасен со закон воспоставен суд кој ќе ги разгледа и утврди во законита постапка нивните права.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите (Сл.весник на РМ бр.58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и Сл.весник на РСМ бр.96/19) е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Од писмено образложената иницијатива, може да се заклучи дека подносителот на иницијативата не поставил конкретно прашање од значење за обезбедување на единство со примената на законите од страна на судовите, а во смисла на цитираниот член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, поради што Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија донесе Заклучок со кој иницијативата не се усвојува.

Врховен суд
на Република Северна Македонија
Општа седница

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница одржана на ден 24.11.2023 година, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 63 став 1 од Деловникот на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за донесување на начелен став и правно мислење, поднесена од адвокат Ниѓаил Мерџаноски од Струга, заведена под СУ-03.бр.726/23 од 25.10.2023 година, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

Иницијативата за донесување на начелен став и правно мислење, поднесена од адвокат Ниѓаил Мерџаноски од Струга, заведена под СУ-03.бр.726/23 од 25.10.2023 година, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите,(„Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 24.11.2023 година расправаше по барањето за донесување на начелен став и правно мислење поднесена од адвокат Ниѓаил Мерџаноски од Струга, заведена под СУ-03.бр.726/23 од 25.10.2023 година.

Во иницијативата се предлага Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе начелен став и правно мислење. Подносителот образложува дека судовите не треба да бараат доставување доказ за идентификација доколку се работи за правни субјекти кои вршат јавна дејност, односно кои се од јавен карактер, бидејќи се работи за општо познати факти – ноторни факти кои согласно член 207 став 4 од ЗПП, не се докажуваат. Подносителот на иницијативата смета дека во конкретниот случај, со отфрлање на тужбата како неуредна, странката е обесправена.

Во иницијативата не е наведена, ниту приложена различна судска пракса, туку е приложена само една одлука од првостепениот суд која е потврдена од страна на Апелациониот суд.

Од увидот во поднесеното барање може да се констатира дека подносителот нема поставено јасно правно прашање за кое не постои нееединствена примена на законите и по кое треба да се постапува.

Исто така подносителот на барањето нема доставено други судски одлуки од кои може да се утврди дека станува збор за нееединствена примена на законите.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Во смисла на цитираната законска одредба Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по наведената иницијатива , оцени дека во конкретниот случај не произлегува потреба да се утврди правно мислење бидејќи нема невоедначена примена на законот, поради што донесе Заклучок со кој иницијативата не се усвојува.

Врховен суд
на Република Северна Македонија
Општа седница

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница одржана на ден 24.11.2023 година, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 63 став 1 од Деловникот на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за донесување на начелен став и правно мислење, поднесена од адвокат Ниѓаил Мерџаноски од Струга, заведена под СУ-03.бр.727/23 од 25.10.2023 година, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

Иницијативата за донесување на начелен став и правно мислење, поднесена од адвокат Ниѓаил Мерџаноски од Струга, заведена под СУ-03.бр.727/23 од 25.10.2023 година, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите,(„Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 24.11.2023 година расправаше по барањето за донесување на начелен став и правно мислење поднесена од адвокат Ниѓаил Мерџаноски од Струга, заведена под СУ-03.бр.727/23 од 25.10.2023 година.

Во иницијативата се предлага Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе начелен став и правно мислење. Подносителот образложува дека судовите погрешно ги толкуваат законските одредби, затоа што приговорот претставува поднесок од одбранбен карактер и со поднесување на приговорот, платниот налог има својство на тужба, судот треба да закаже рочиште на кое ќе се легитимира адвокатот и должникот, а дека со отфрлањето на приговорот, издадениот платен налог станува правосилен и произведува правни последици спрема должникот, а во таков случај согласно Уставот, ЗПП и ЕКЧП, на должникот му се оневозможува пристап до судот. Поради тоа подносителот смета дека не може приговорот да се отфрли како неуреден со решение затоа што недостасува копија од личната карта на подносителот на приговорот.

Во иницијативата не е наведена, ниту приложена различна судска пракса, туку е приложена само една одлука од првостепениот суд која е потврдена од страна на Апелациониот суд.

Од увидот во поднесеното барање може да се констатира дека подносителот нема поставено јасно правно прашање за кое не постои неединствена примена на законите и по кое треба да се постапува.

Исто така подносителот на барањето нема доставено други судски одлуки од кои може да се утврди дека станува збор за неединствена примена на законите.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Во смисла на цитираната законска одредба Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по наведената иницијатива, оцени дека во конкретниот случај не произлегува потреба да се утврди правно мислење бидејќи нема невоедначена примена на законот, поради што донесе Заклучок со кој иницијативата не се усвојува.

Врховен суд
на Република Северна Македонија
Општа седница